

јуни 2 014

МЕД МАКЕДОНСКО ЕКОЛОШКО ДРУШТВО

# ИНФОРМАТОР # 23

## Охрид-Преспа - прв Биосферен резерват во Македонија!

Охридско – Преспанското сливно подрачје едногласно беше прогласено за прекуграничен Биосферен резерват од страна на УНЕСКО, на 26[та] седница на Меѓународниот Комитет за Координација на програмата „Човек и биосфера“ која се одржа во Јончопинг, Шведска на 11 јуни 2014 година.




Македонското еколошко друштво го даде својот придонес во процесот на номинацијата на првиот Биосферен резерват на територијата на Република Македонија, со овозможување пристап до релевантни податоци и експертиза од областа на биодиверзитетот, како и со изработката на тематски географски карти и гео-статистички анализи кои беа составен дел од потребната документација за номинацијата.

Во моментов, биосферниот резерват, пред се́ од политички причини, не го вклучува делот од територијата на Грција, кој географски припаѓа на сливното подрачје на Охридското и Преспанското Езеро, меѓутоа можноста за приклучување на истиот е отворена, кога ќе се создадат соодветни услови за тоа.

# Дојран – голем хотел за птиците и луѓето!

На 11 мај во Дојран, МЕД во соработка со Општината Дојран, го одбележа Светскиот ден на птиците преселници.

Настанот беше дел од прославата на Светскиот ден на птиците преселници којшто се одбележува секоја година во мај, осма година по ред.







Овој настан е можност повторно да се истакне потребата за заштита на птиците преселници и нивните живеалишта, давајќи посебен осврт кон предизвиците и заканите со кои истите се соочуваат за време на преселбата. Годинава беа организирани над 200 јавни настани низ целиот свет - од фестивали за птици, преку едукативни програми до истражувачки екскурзии.

Секоја година кампањата има различна тема - оваа година темата беше „Птиците преселници и туризмот" истакнувајќи ги врските меѓу заштитата на птиците преселници и развојот на локалниот еко-туризам.

МЕД заедно со локалните жители и средношколци од регионот направија туристичка прошетка низ Дојран, набљудувајќи ги птиците и учејќи зошто е значајна преселбата на птиците. Исто така, по краткото предавање за значењето на одржливиот туризам за птиците и како Дојран може најдобро да го искористи овој голем туристички потенцијал, средношколците подготвија постер во форма на туристичка понуда за одржлив туризам во Дојран кој вклучува мониторинг и заштита на птиците.

World Migratory Bird Day

UNEP

Контакт: Данка Узунова
*uzunova@mes.org.mk*

## ИНФОРМАТОР # 23

## Членови на МЕД на тренинг програма во Германија




Членовите на МЕД, Деспина Китанова и Ѓорѓе Иванов, учествуваа на едномесечна тренинг програма во Германија за доусовршување на млади професионалци кои работат во областа на заштита на природата, управувањс со заштитсни подрачја и одржлив локален развој.
Покрај учссници од Максдонија на тренингот NatuRegio имаше учесници и од Босна и Херцеговина, Хрватска, Црна Гора, Србија и Словенија од различни организации или институции како од владиниот така и од невладиниот сектор. Целта на програмата е зајакнување на одржливата заштита на природата и регионален развој во одредени балкански држави, да ја охрабри прекуграничната соработка и да воспостави мрежа од експерти од вклучените држави.
Првиот дел од тренинг програмата NatuRegio беше едно уникатно искуство. Еден месец е долг период, но благодарение на германската прецизност и исклучителната организација успеавме да видиме дел од најдобрите практики за заштита на природата во Европа, вели Китанова, раководител на програмата за управување со заштитени подрачја во МЕД.




Германија има 86 милиони жители кои претставуваат голем притисок за природата. Имајќи го во предвид овој факт тие биле принудени да најдат вистински баланс помеѓу луѓето и природата.
Обуката ни овозможи да се видат различни приоди кон заштитата на природата почнувајќи од Балтичкото и Северното Море па на југ до Баварија и течението на Дунав. Имавме прилика да видиме различни типови на управување со земјиштето и пределите од низини, поплавени подрачја, земјоделско земјиште, шуми, национални паркови, биосферни резервати, подрачја значајни за светското наследство и Рамсар подрачја. За време на престојот во Германија променивме 7 локации и имавме чувство дека програмата е многу интензивна, но сепак вредеше за искуството што го стекнавме, објаснува Иванов, раководител на проект во МЕД.
Се на се овој тренинг беше интересно ре-обединување на различни искуства од поранешните југословенски простори и начин да се разменат позитивни идеи.
Инаку програмата е развиена од Академијата за заштита на природата „Алфред Тоефер“ во соработка со *„Германската државна фондација за природа“ -DBU, Фондацијата „Хајдехоф“* и Фондацијата „Алфред Тоефер“ F.V.S.

***kitanova@mes.org.mk, ivanov@mes.org.mk***

## Работилница „Од идеја до успешен проект“




МЕД во рамките на „Програмата за закрепнување на балканскиот рис” организираше еднодневна работилница - обука на тема „Од идеја до успешен проект”. Работилницата се одржа на 29 мај во СОУ „Крсте Петков Мисирков” во Демир Хисар, како дел од проектните активности за зајакнување на капацитетите и соработката со локалните партнерски организации и институции од подрачјето на Илинска и Плакенска Планина во поглед на заштитата на природата. На работилницата присуствуваа 22 учесници од 14 различни организации и институции од општините Демир Хисар, Кичево, Охрид и Струга.

Целта на работилницата беше учесниците да се обучат како своите идеи, поврзани со заштита на природата, промоција на природните вредности и одржливо искористување на природните ресурси од регионот, да ги преточат во конкретни предлог проекти. Работилницата беше поделена на две сесии. Првата сесија беше теоретски вовед во подготовка на предлог проекти, опфаќајќи ја фазата на анализа и фазата на формулирање/пишување на предлог проект со сите елементи. За време на втората сесија, учесниците имаа можност и практично да го вежбаат наученото преку зададена задача за работа во групи, презентација на работата и дискусија.

Контакт: Александар Стојанов
*stojanov@mes.org.mk*

## Македонскиот дел од Осогово сеуште нема забележано мечка или рис







Во периодот ноември 2013 – април 2014 година, на Осогово беше спроведена уште една сесија од мониторингот на целни видови (крупни цицачи) со методот на поставување фотозамки. Во активноста голем придонес дадоа членовите на ловните друштва и шумските стопанства од Кратово, Крива Паланка, Македонска Каменица и Кочани, со чија помош, МЕД постави и контролираше 12 камери во регионот. Една од камерите не беше најдена при проверките, што беше пријавено во надлежните институции. На снимените фотографии од останатите камери беа евидентирани следните видови диви животни: волк, лисица, дива свиња, зајак, дива мачка, срна, куна, јазовец, еж, глодачи и птици, додека мечка и рис сеуште не се фотографирани.

Оваа активност е дел од проектот „Формирање на прекуграничен биосферен резерват Осогово, меѓу Бугарија и Македонија“.

Контакт: Деспина Китанова
*kitanova@mes.org.mk*

## ГЕО Магазин –
## Ден на биодиверзитетот на реката Вјоса во Албанија



Тим од МЕД учествуваше во одбележувањето на Светскиот ден на биодиверзитетот кој традиционално го организира Списанието ГЕО од Германија. Овој ден се одбележа по течението на реката Вјоса во Албанија на 13-15 јуни, во соработка со организациите Riverwatch и Еуронатур и со поддршка на PPNEA. МЕД како долгогодишен партнер на овие организации кои делуваат на полето на заштитата на природните вредности на Балканот ја поддржа и помогна оваа акција со своето знаење и искуство. Научните податоци во врска со биодиверзитетот на реката Вјоса се многу ограничени. Главната цел беше собирање податоци за вредностите на биодиверзитетот на реката Вјоса и промоција на истите заедно со културното и социо-економското значење кои во моментов се загрозени поради изградба на хидроцентрали по нејзиното течение.

Подцели:

- да се привлече поголемо национално и меѓународно внимание од медиумите,
- да се препознае Вјоса како значен екосистем од албанските политичари,
- да поттикне формирање на Национален парк Вјоса,
- и најважно, да се создаде мрежа на луѓе кои ќе се грижат за Вјоса и ќе дадат поддршка на визијата за Национален парк.

Реката Вјоса е една од најголемите реки во Албанија со должина од 270 километри. Низ Албанија реката поминува низ различни предели како кањони, долини и клисури, а наместа речното корито се проширува на повеќе од 2 км во широчина. Заедно со нејзините притоки, Вјоса претставува значаен екосистем не само во Албанија, туку и во цела Европа.

Контакт: Деспина Китанова
***kitanova@mes.org.mk***



# Проектот „Подобрување на прекуграничната заштита и развој на планинскиот масив Јабланица-Шебеник преку активна вклученост на локалното население“

## Трета работилница за традиционално користење на природни ресурси - пишување и управување со проекти“



Оваа работилница, реализирана на 3 јуни 2014 година во Струга, беше организирана со цел МЕД да ги сподели искуствата за подготовка и управување со проекти на околу 30-ина учесници од јабланичкиот регион. Работилницата беше можност учесниците да научат како да напишат добар предлог проект на тема заштита на природата, промоција на природните вредности на подрачјето и одржливо искористување на природните ресурси.

Подготвените предлог проекти, учесниците ќе можат да ги испратат на повикот за мали грантови за Јабланица кој МЕД ќе го објави наесен, а најдобрите предлози ќе бидат финансиски поддржани од страна на МЕД, со средства од Програмата за закрепнување на балканскиот рис. Работилница беше дел од активностите на проектот, којшто МЕД го спроведува во соработка со партнерските организации од Албанија ППНЕА и ЕуроНатур од Германија.

*Проектот „Подобрување на прекуграничната заштита и развој на планинскиот масив Јабланица-Шебеник преку активна вклученост на локалното население“ е финансиран од ИПА програмата за прекугранична соработка со Албанија на Европската Унија.*

## Едукативен пикник – „Да се запознаеме со природните вредности на Јабланица“

МЕД заедно со Локалната агенција за развој на Струга, на 4 јуни организираше едукативен пикник за најмладите од општините Струга и Вевчани под мотото *„Да се запознаеме со природните вредности на планината Јабланица“*.

Триесетина ученици од основните училишта во Струга и Вевчани преку едукативни игри се запознаа со природните ресурси на Јабланица во Еко инкубаторот во Струга, а потоа преку прошетка во Општина Вевчани најмладите на непосреден начин се запознаа со природата на дел од планината Јабланица.

Овој настан беше заедничка активност на истоимениот проект на МЕД и проектот *„Сино и зелено наспроти црно и сиво“* спроведуван од ЛДА, Струга. Фокусот на двата проекти е едукација на локалното население за правилниот начин на искористување на природните ресурси во регионот и подобрување на одржливиот развој.



Контакт: Фросина Пандурска Драмиќанин
***pandurska@mes.org.mk***

## Продолжуваат активностите на МЕД во јабланичкиот регион

Започна спроведувањето на нов проект „Вода за езерата, мочуриштата, изворите и луѓето на планината Јабланица“, и се очекува да трае околу 18 месеци. Истиот е финансиски поддржан од Партнерскиот фонд за критични екосистеми (CEPF).

Земајќи го во предвид високото видово разнообразие и ретките водни ѓивеалишта на планината Јабланица како и сериозните закани по истите, неопходна е нивна заштита што всушност е главната цел на проектот. Освен квантификацијата на заканите по акватичните живеалишта друга цел на проектот е обезбедување на алтернативни начини на водоснабдување на жителите во регионот. Нивната цел ќе биде да се намали притисокот врз акватичните екосистеми. Првите активности ќе започнат на крајот на јуни.

CRITICAL ECOSYSTEM PARTNERSHIP FUND

Контакт: Ивана Лозаноска
*lozanoska@mes.org.mk*

## ЕКО-САЕМ



На 4-5 јуни 2014 година, во просториите на Музејот на македонската борба, се одржа саем посветен на тековни и реализирани еколошки проекти, финансиски поддржани од програмите на Глобалниот еколошки фонд (ГЕФ).

МЕД учествуваше на саемот со презентација и штанд со промотивни материјали. Во периодот од 2006-2014 година , МЕД, со финансиска поддршка од ГЕФ и УНДП Македонија, реализираше четири проекти.

Програмата на еко-саемот беше тематски поделена и посветена на Светскиот ден на биолошката разновидност и меѓународните води и Денот на климатски промени и неразградливи органски загадувачи.

На отворањето на саемот поздравен говор одржаа заменик министерот за животна средина и просторно планирање, г-нот Стево Темелковски, претставникот на УНДП Македонија, г-нот Александро Фракасети и претставникот на ГЕФ ПМГ, г-нот Златко Самарџиев.

Контакт: Александра Тодоровска
*todorovska@mes.org.mk*

# МЕД и оваа година се вклучи во одбележувањето на Меѓународниот ден на биолошката разновидност - 22 мај





Со конкурс на фотографии на тема биодиверзитет во Брегалничкиот регион, изработка на детски цртежи, организирање игри на тема екологија, промоција на проекти за зачувување на биодиверзитетот во регионот, размена на бројни интересни содржини и материјали, како и предавања во врска со биолошката разновидност, на 22 мај, во централното подрачје во Делчево беше одбележан Меѓународниот ден за заштита на биолошката разновидност.

На настанот беа претставени повеќе презентации кои придонесоа за подигнување на јавната свест за зачувување на биолошката разновидност, како и на годинешната тема за прославување „Островски биодиверзитет", прогласена од страна на Конвенцијата за биолошка разновидност. На настанот активно учествуваа бројни претставници на сите релевантни заинтересирани страни, пред сè децата, наставниците од училиштата, локалното население, претставници од владините и невладините организации, општините, донаторите.



Одбележувањето на денот на биолошката разновидност во Македонија, беше организирано од Програмата за зачувување на природата во Македонија финансирана од Швајцарската агенција за развој и соработка (SDC), а координирана од Helvetas Swiss Intercooperation и Фармахем и проектот „Поддршка на Република Македонија за ревизија на Националната стратегија за биолошка разновидност и акционен план и подготовка на Петтиот национален извештај кон Конвенцијата за биолошка разновидност", финансиран од ГЕФ, а имплементиран од страна на Канцеларијата на УНЕП во Виена и Министерството за животна средина и просторно планирање, со помош на Македонското еколошко друштво. Настанот беше поддржан и од Општината Делчево.

# Поврзување на луѓето со природата – зајакнување и вмрежување на граѓанските здруженија во Македонија

Четири од партнерските организации во текот на мај и јуни успешно ги реализираа првите воведни настани во склоп на проектот „Поврзување на луѓето со природата – зајакнување и вмрежување на граѓанските здруженија во Македонија". Иницијални состаноци со локални училишта, работилници за промовирање на растителниот диверзитет на подрачјата, регрутирање на волонтери и заинтересирани групи за вклучување во активностите од проектот, посета на одредени значајни ботанички локалитети во самите подрачја, беа дел од темите на одржаните настани.

Организациите кои ги спроведоа настаните во соработка со МЕД се: „Арт Поинт Гумно" од село Слоештица, „Центар за развој и еколошка едукација" од Теарце, Еколошкото друштво „Грашница" од Охрид и Младинскиот културен центар во соработка со НП „Пелистер" од Битола. На овие настани беа опфатени околу 320 учесници.












*Проектот е финансиран од Европската Унија и кофинансиран од PlantLife*

Контакт: Наталија Меловска
***angelova@mes.org.mk***

# Клучни закани за птиците преселници во Медитеранот – размена на искуства

Во Никозија од 20 до 24 мај 2014 година, под покровителство на BirdLife Кипар се одржа работилница на која земјите низ кои поминуваат Медитеранските прелетни патишта разменуваа искуства за намалувањето и елиминирањето на заканите за птиците преселници. Оваа работилница произлегува од работата на заедничкиот проект за Градење на капацитети за зачувување на прелетните патишта на Медитеранот на осум земји (Турција, Либан, Кипар, Малта, Македонија, Црна Гора, Мароко и Тунис).

Работилницата обедини и други медитерански земји кои се соочуваат со слични предизвици, како: Шпанија, Португалија, Либија, Египет и Албанија. Сите учесници ја потврдија својата заложба за понатамошно учество во иницијативата и договорија конкретни чекори на меѓународно ниво со кои ќе се зголеми поддршката за безбедни прелетни патишта.



Работилницата беше организирана од страна на BirdLife International, светска партнерска организација која има глобален пристап за да овозможи резултати со долготрајно позитивно влијание врз природата и луѓето.

Контакт: Ксенија Путилин
***putilin@mes.org.mk***



# Едукативна екскурзија „Заштита на природните вредности во Македонија“



Во периодот од 25 мај до 1 јуни 2014 година, на иницијатива на Универзитетот за природни ресурси, Боку од Виена, во Македонија се одржа едукативна екскурзија „Заштита на природните вредности во Македонија“. Едукативната екскурзија беше иницирана од соработката меѓу Универзитетот за природни ресурси, Боку од Виена, Природно-математичкиот факултет во Скопје и МЕД. На екскурзијата присуствуваа 26 студенти од Универзитетот за природни ресурси од Боку, Виена.

Свој придонес кон остварување на целта на екскурзијата, да се добие општа слика за практиките за зачувување на природата во Македонија дадоа претставници од канцеларијата на УНДП во Преспа, општината Ресен, претставници од дирекциите на НП Пелистер, Хидробиолошкиот институт од Охрид, Друштвото за заштита на Преспа (СПП) од Грција и ПК „Љуботен“. МЕД одржа едукативни презентации на неколку теми од областа на заштита на природата и придонесе кон остварување на целта преку интерактивна дискусија на неколку теми:

- предизвици и успеси при воспоставување на прекугранични заштитени подрачја;
- иницијативи за воспоставување на Биосферен резерват;
- предизвици и достигнувања во зачувување на биолошката разновидност и мониторинг
- предизвици и успеси во одржливо искористување на природните ресурси.

Кампот беше главно лоциран во Преспа, од каде беа организирани посебни екскурзии во заштитените подрачја во сливното подрачје на Охридско-преспанскиот регион (Езерани, Галичица, Пелистер, Св. Наум). Дополнително беа посетени и подрачјата каде веќе има иницијатива за воспоставување на заштитени подрачја: Шар Планина и Осоговските Планини.

Контакт: Даниела Јовановска
*jovanovska@mes.org.mk*

# Германката Хајди Хенкелс дологогодишен поддржувач на МЕД

Седумдесет и седум годишната г-ѓа Хајди Хенкелс од Германија е долгогодишен член на нашата организација. Кога таа го обнови своето членство годинава за следните три години, решивме да и се заблагодариме и да поразговараме со неа за нејзините импресии од Македонија и очекувањата од Македонското еколошко друштво.

Врската на г-ѓа Хенкелс со Македонија започнала во шеесеттите кога студирала во Франкфурт. Таму се спријателила со девојка од Скопје која студирала германски јазик, Јелица Никодинова. Нивното пријателство продолжило и по студирањето и г-ѓа Хенкелс ја посетувала нејзината пријателка во Македонија скоро секоја година. Иако патувањето станало малку потешко за г-ѓа Хенкелс во последниве години таа и натаму планира да ја посети Македонија и нејзините добри пријатели.

Билогијата, а особено набљудувањето птици е хоби на г-ѓа Хенкелс и токму тоа за прв пат ја донело до прагот на нашата канцеларија и кога ја запрашавме како решила да стане член таа ни изјави: „Многу често се жалев дека е невозможно да се најде теренски водич или книга за растенијата и животните во Македонија. Конечно во 2008 година, дознав дека МЕД има издадено теренска книга за птици, многу бев среќна и затоа решив да ја подржувам вашата работа“.



**МЕД**: Кои места ги имате посетено во Македонија?

**Хајди Хенкелс**: Листата на местата кои сум ги посетила е многу долга, бидејќи јас често ја посетував Македонија уште од 1964 година, па сè до 2008 година, некои места сум ги посетила многу пати, а на некои сум била само по еднаш. Најмногу имам престојувано во Скопје и Малешевијата.

**МЕД**: Кое ви е најдрагото сеќавање поврзано со природата во Македонија?

**ХХ**: Не можам да одделам само едно. Најсреќна бев кога можев да набљудувам животни или растенија кои ги нема во Германија, како на пример копнените желки. Воодушевена сум од вископланинските ливади со прекрасни цвеќиња и чистиот воздух. Сепак, глетката која нема да ја заборавам беше првиот пат кога видов пупунци во Македонија.

**МЕД**: Дали имате порака за другите членови на МЕД?

**ХХ**: Се надевам дека ќе продолжат да ве подржуваат во зачувување на вашата неверојатна природа и да ја шират пораката дека треба да се цени она кое го имате. Можеби треба да ви помогнат да издадете книги за луѓето кои ја сакаат природата и сакаат да научат да ги распознаваат животните и растенијата и да научат повеќе детали за нив.

***Ви посакувам сè најдобро на сите, многу интересни авантури во природа и многу успех!***